Funded by the European Union Co-funded by the European Union

Финансирано од Европската Унија Кофинансирано од Европската Унија

# ЕРАЗМУС+

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНА АКТИВНОСТ

## GROUP MOBILITY OF SCHOOL PUPILS

**Општи информации**

Овој извештај се однесува на реализираната мобилност во рамки на програмата **Еразмус+**, активност од типот group mobility of school pupils, која се одржа во периодот од **16.03.2026 до 20.03.2026 година**.

Мобилноста беше реализирана во **ООУ „Матија Губец“ – Таванкут, Војводина, Република Србија**, со учество на наставници и ученици од **ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ – Скопје, Северна Македонија**.

---

**Цели на мобилноста**

Главните цели на мобилноста беа:

- Подобрување на академските компетенции на учениците
- Стекнување на нови знаења и вештини преку учество во наставен процес во различна средина и култура
- Размена на позитивни искуства и стекнати знаења помеѓу учениците од двете образовни институции
- Развивање на интеркултурни компетенции и европски вредности
- Поттикнување на дигитална писменост и современи образовни алатки
- Јакнење на меѓународната соработка и создавање основа за идни проекти

**Опис на институцијата домаќин**

ООУ „Матија Губец“ од Таванкут е образовна институција со долгогодишна традиција, која активно работи на интеграција на современи наставни методи, практично учење и негување на културното наследство.

Училиштето се карактеризира со:

- современ пристап во наставата
- силен акцент на практични и искуствени активности
- вклучување на локалната заедница во образовниот процес

- интеркултурна соработка и отвореност кон меѓународни партнерства

## Реализација на програмата

Мобилноста беше реализирана согласно претходно утврдена програма која опфаќаше наставни, практични, културни и социјални активности.

### Ден 1 – 16.03.2026

- Свечен пречек и сместување на учениците
- Презентација на училиштето и запознавање со наставниот кадар и учениците
- Присуство и учество на часовите по техника и технологија и биологија
- Организирана посета на градот Суботица
- Креативна работилница (изработка на свеќи)
- Социјални активности и тимско поврзување

Првиот ден од мобилноста беше успешно реализиран и претставуваше значаен почеток на целокупната програма. Свечениот пречек и презентацијата на училиштето овозможија запознавање со организацијата на работата и воспоставување на комуникација помеѓу учениците-гости и учениците-домаќини.

Следењето на часот по техника и технологија овозможи развивање на вештини за изработка на секојдневни предмети и запознавање со разни алатки и апарати.

Преку учеството на часот по биологија учениците ги проширија знаењата и ја подигнаа свеста за време на активноста за разбирање на заштитата на животната средина преку фокус на „рециклирање и правилото на 3R“.

Организираната посета на Суботица придонесе за културно збогатување, додека креативната работилница и социјалните активности овозможија подобро меѓусебно запознавање и развивање на тимски дух. Денот беше продуктивен и постави солидна основа за понатамошната успешна реализација на мобилноста.

### Ден 2 – 17.03.2026

- Присуство и учество на часовите по физичко образование (фолклор), англиски јазик и математика
- Посета на планетариум и следење на предавање за вселената
- Јазична и културна работилница („Диванимо буњевачки“)
- Обиколка на Таванкут (галерија, црква, салаш)
- Кулинарска работилница (подготовка на традиционално јадење)

Funded by the European Union
Co-funded by the European Union
Финансирано од Европската Унија
Кофинансирано од Европската Унија

Активностите реализирани во текот на вториот ден на учениците им овозможија запознавање со културното наследство и традиција во регионот, како и јакнење на јазичните и математичките компетенции.

Преку учеството на часот по физичко образование учениците имаа можност да се запознаат со неколку традиционални танци и ора од регионот, додека на часот по англиски јазик учениците обработуваа содржина поврзана со традиционално одбележување на празникот Св. Патрик и изучување на конкретен вокабулар.

Часот по математика придонесе за зајакнување на тимската работа и примена на математички операции за еколошки цели.

Посетата на планетариумот овозможи искуствено изучување на вселената преку аудио-визуелни ефекти кои дополнително го збогатија ова уникатно доживување за учениците.

Јазично-културната работилница „Диванимо буњевачки"(„Зборуваме буњевачки) ги збогатија културните и јазичните компетенции на учениците, подигајќи ја свеста за тесната поврзаност на јазиците од Балканскиот регион (конкретно српски, хрватски, буњевачки и македонски), како и за историското влијание на јазиците едни врз други.

Обиколката на Таванкут и кулинарската работилница овозможија практично запознавање со локалните традиции и начин на живот.

Денот беше успешно реализиран и овозможи значајна интеграција на културата во наставниот процес, како и развој на интеркултурни и социјални вештини.

**Ден 3 – 18.03.2026**

- Едукативна прошетка и активности во природа
- Посета на културно-историски објекти во Суботица
- Традиционални игри на отворено
- Работилници поврзани со културното наследство

Реализираните активности во текот на третиот ден придонесоа за продлабочување на знаењата за природната средина и културно-историското наследство.

Едукативната прошетка и престојот во природа овозможија развивање на еколошка свест и тимска соработка, додека посетата на значајни објекти во Суботица ја збогатија информираноста на учениците за културно-историското наследство на жителите на Суботица и Таванкут, односно за таа конкретна област во Војводина.

Традиционалните игри и работилниците поттикнаа активно учество, креативност и почитување на традициите. Денот беше успешно реализиран и имаше значајна образовна и воспитна вредност.

**Ден 4 – 19.03.2026**

- Присуство и учество на часовите по физичко образование и српски јазик
- Креативни работилници (изработка на предмети, традиционална зимница)

- Организирани активности по повод Денот на татковците
- Социјални активности и заедничка вечера

Активностите реализирани во текот на четвртиот ден овозможија дополнително продлабочување на знаењата и традиционалните и културни практики.

Часот по физичко образование овозможи учениците на забавен начин да се запознаат со придобивките од вежбање аеробик.

Часот по српски јазик придонесе за премостување на малите јазични разлики помеѓу српскиот и македонскиот јазик, односно се постигна зближување на српската и македонската јазична култура преку увид во сличностите во двата јазика, со што се зајакнаа јазичните компетенции на сите ученици.

Креативните работилници, вклучително и подготовката на традиционална зимница, овозможија практично учење, развивање на креативноста и стекнување на вештини за подготовка на храна.

Организираните активности по повод Денот на татковците придонесоа за зајакнување на социјалната интеракција и чувството на заедништво, додека посетата на домовите на децата-домаќини преку организирана вечера на учениците им овозможи услови за неформална и пријателска комуникација и дополнително поврзување со домаќините.

Денот беше успешно реализиран и имаше значајна образовна и социјална вредност.

**Ден 5 – 20.03.2026**

- Присуство и учество на часовите по физичко и музичко образование
- Сламарска работилница (традиционална уметност)
- Завршна евалуација и рефлексија

Последниот ден од мобилноста беше посветен на заокружување на стекнатите знаења и искуства.

Учеството на часовите по физичко и музичко образование овозможи дополнителен увид во традиционалните вредности, преку фолклорна и музичка интеграција на македонската и српската култура.

Сламарската работилница претставуваше значајно искуство за запознавање со традиционалната уметност и културното наследство на регионот.

Завршната евалуација и рефлексија им овозможија на учениците да ги сумираат своите искуства, да ги оценат стекнатите знаења, како и да ги идентификуваат можностите за примена на истите во секојдневниот живот. Со тоа, мобилноста беше успешно заокружена, оставајќи значајно влијание врз академскиот и личниот развој на учениците.

**Методологија на работа**

Мобилноста се реализираше преку:

- ✓ Учество во наставните процеси (group mobility of school pupils)
- ✓ Активно учество во работилници
- ✓ Дискусии и размена на искуства со ученици
- ✓ Практично и искуствено учење
- ✓ Рефлексија и самоевалуација

**Постигнати резултати и компетенции**

Во текот на мобилноста беа развиени следните компетенции:

**Јазични компетенции**

- Подобрување на комуникацијата на српски и англиски јазик (со дополнителен увид во хрватскиот јазик и буњевачкиот говор)
- Развивање интеркултурен дијалог

**Дигитални компетенции**

- Користење дигитални алатки (интерактивни квизови, презентации)
- Интеграција на технологија во наставата

**Социјални и лични компетенции**

- Тимска работа и соработка
- Комуникациски и социјални вештини

**Граѓански компетенции**

- Подигнување свест за заштита на животната средина
- Активно учество во заедницата

**Културна свесност**

- Запознавање со традиции, обичаи и културно наследство
- Почитување на различности

**Влијание на мобилноста**

Мобилноста имаше значително влијание врз:

- Унапредување на знаењата на учениците
- Унапредување на процесот на учење кај учениците преку иновативни методи

Funded by the European Union
Co-funded by the European Union
Финансирано од Европската Унија
Кофинансирано од Европската Унија

- Поголема мотивација за понатамошна професионална ориентација на учениците
- Јакнење на вештините за комуникација со врсници од други култури
- Размена на позитивни академски, културолошки и социјални искуства помеѓу учениците
- Подобрување на квалитетот на образованието на учениците

**Заклучок**

Реализираната мобилност беше целосно успешна и ги исполни поставените цели.

Истата придонесе за значително подобрување на академските и социјалните компетенции на учениците, размена на искуства и јакнење на комуникациските вештини.

Се препорачува продолжување и проширување на вакви активности во иднина.

**Препораки**

- Продолжување на партнерството со училиштето домаќин
- Примена на научените знаења во секојдневниот живот и нивно споделување со соучениците
- Поттикнување за учество во нови Еразмус+ проекти
- Вклучување на поголем број наставници и ученици

**Изготвила:**

Искра Мијалковска Ефтимова_______________

**Датум:** 17.04.2026